**МИНИСТЕРСТ ВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *ХИРУРГИЈА СО ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СО НЕГА*

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА

**III година**

***ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА***

***Медицинска сестра***

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

### 1.1. Назив на наставниот предмет: *ХИРУРГИЈА СО ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СО НЕГА*

**1.2. Образовен профил и струка на кои им припаѓа наставниот предмет**
1.2.1. Образовен профил: *МЕДИЦИНСКА СЕСТРА*
1.2.2. Струка: здравствена

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Трета година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: ***2 часа***
1.5.2. Број на часови годишно: ***72 часа***

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. *ИЗБОРЕН*

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладување на наставната програма ученикот стекнува знаења, умеења и вештин и се оспособува:

- да класифицира и пакува хируршки материал, сетови за хируршки интервенции;

- да асистира при основни медицински интервенции;

- да спроведува обработка на рани под надзор на лекар;

- да спроведува фази и применува правила на стерилизација на инструменти а материјали; постапки за требување и чување на крвни продукти;

- да спроведува психичка и физичка подготовка на болниот за интервенција;

- да применува професионални етички норми во професионалната работа;

- да ги интегрира стекнатите знаења во другите стручни предмети;

- да користи стручни медицински термини.

### 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на зацртаните цели потребни се предзнаења од наставните предмети: анатомија, физиологија, хигиена со здравствено воспитување, биологија, основи на нега, патологија и микробиологија со инфектологија изучувани во претходните години.

**4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**
**4.1. Структуирање на содржините за учење**

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ПОДГОТОВКА И ЧУВАЊЕ НА СУТУРНИОТ МАТЕРИЈАЛ ВО ХИРУРГИЈАТА** | **8** | *Ученикот:*<br>- да набројува сутурен материјал (завој, газа, конци и др.) за потребите на хирургијата;<br><br>- да класифицира сутурен материјал во групи според одредени негови карактеристики ( природни и синтетички конци, ресорптивни и нересорптивни конци);<br><br>- да спроведува постапки за правилно чување и стерилизација на сутурниот материјал. | ***Демонстрирање*** на постапка на подготовка на материјалите, складирање и употреба;<br><br>***Вежби:*** подготовка на сутурниот материјал. | Хирургија со гинекологија и акушерство со нега - задолжителна настава<br><br>Практична настава |
| **2. ПОДГОТОВКА НА СЕТОВИ ЗА ОДДЕЛНИ ХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ** | **8** | - Да набројува материјал кој влегува во состав на одделни сетовите (пример: биопсија, сутура, инцизија);<br><br>- да подготвува сетови за мали хирушки интервенции;<br><br>- да изведува постапка на подготовка на инструментите за работа; | ***Разгледување*** на сетови.<br><br>***Презентирање*** на формулари за биоптичен материјал и експедициона книга. | Хирургија со гинекологија и акушерство со нега - задолжителна настава<br><br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да познава и почитува правила за асептична работа при користење на инструментите;<br><br>- да познава редослед на постапки за ракување со биоптичен материал ( конзервирање, етикетирање, администрирање и експедиција);<br><br>- да изведува постапки на конзервирање, етикетирање, администрирање и експедиција на биоптичен материал. | ***Вежби:*** подготовка на сетови за мали хируршки интервенции<br><br>***Демонстрирање на*** :<br>- постапки за ракување со биоптичен материјал;<br>- правила за асептична работа при користење на инструментите. | |
| **3. ОПЕРАТИВЕН БЛОК СО ЦЕНТРАЛНА СТЕРИЛИЗАЦИЈА** | **8** | - Да пакува хируршки материјал соодветно на видот и начинот на стерилизацијата ( касети, барабани, медицинска фолија, медицинска хартија и платно);<br><br>- да препознава рок на стерилност според пакувањето и потреба од бактериолошка контрола во оперативен блок;<br><br>- да опишува начини на земање на материјал за бактериолошка контрола;<br><br>- да спроведува прва фаза на подготовка на сала; | ***Демонстрирање на***:<br>- постапки на пакување, изведба на стерилизација и биолошка контрола на стерилизацијата.<br>- садови за бактериолошка контрола и демнонстрира начини на земање на материјал;<br>- прва фаза на подготовка на операциона сала.<br><br>***Вежби:***<br>постапки на пакување и чување на стерилен материјал. | Хирургија и гинекологија и акушерство со нега<br><br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да проверува исправност на апаратите и опремата за работа ( аспиратор, електрокаутер, оперативна ламба и оперативен стол);<br><br>- да подготвува потребен материјал за анестезија;<br><br>- да се упатува во нормите на тимско работење и однесување во операциона сала. | | |
| **4. АКТИВНОСТИ ПРИ ТРАНСФУНДИ- РАЊЕ НА КРВ И КРВНИ ДЕРИВАТИ** | **6** | - Да пополнува стандардизирани обрасци за требување на крв и крвни деривати;<br>- да спроведува постапка за правилно чување на крв и крвна плазма;<br>- да проверува компатибилност на крвта;<br>- да подготвува материјал за апликација на крвта;<br><br>- да аплицира крв и крвна плазма под надзор на лекар; | ***Демонстрирање*** на пополнување на обрасци и чување на крв.<br><br>***Вежби:***<br>- пополнување на формулари;<br>- подготвување потребен материјал за апликација.<br><br>***Аплицирање во реална ситуација:***<br>- план за работа;<br>- подготовка на материјалот;<br>- аплицирање на крв или крвна плазма (под надзор на лекар);<br>- пишување на извештај. | Хирургија со гинекологија и акушерство со нега - задолжителна настава<br><br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. СПЕЦИЈАЛНА ПРЕДОПЕРАТИВНА ПОДГОТОВКА НА БОЛЕН** | **8** | - Да објаснува потреба од специјална предоперативна подготовка на дигестивен тракт- испирањее по крап;<br><br>- да спроведува психичка и физичка подготовка на болен за манипулацијата;<br><br>- да подготвува потребен материјал за испирање по крап;<br><br>- да го згрижува правилно болниот после манипулацијата почитувајки ги индивидуалните потреби на болниот. | ***Дискутирање*** за потребите за специјална предоперативна подготовка.<br><br>***- Набљудување на:*** психофизичка подготовка на болен во реална ситуација;<br><br>- подготвување на материјал за испирање по крап;<br><br>- згрижување на болен по манипулацијата. | Хирургија со гинекологија и акушерство со нега - задолжителна настава<br><br>Практична настава |
| **6. ПОСТОПЕРА-ТИВНА НЕГА НА БОЛЕН** | **12** | - Да следу витални функции кај болен преку мониторинг системи;<br><br>- да вочува навремено промени во витални знаци;<br><br>- да спроведува преврска на рана и вадење на конци;<br><br>- да ракува со инструменти и потребен медицински материјал;<br><br>- да спроведува хигиено диететски резим кај опериран болен. | ***Демонстрирање и в ежби:***<br>- преврска на рани и вадење на конци;<br>- пополнување на листа за требовање на храна.<br><br>***Задача:***<br>Планирање, реализација и презентација на постопера-тивна нега на болен (избор на пациент, планирање на активностите, набљудување, пишување на извештај и презентација). | Хирургија со гинекологија и акушерство со нега - задолжителна настава<br><br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7. МЕДИЦИНСКИ МАНИПУЛАЦИИ ПРИ МЕХАНИЧКИ ПОВРЕДИ** | **16** | - Да подготвува потребен стерилен материјал за повреди од, фрактура, отворени рани и изгоретини;<br><br>- да изврши дезинфекција на раната пред интервенцијата од лекар;<br><br>- да познава потребен материјал и инструменти за третирање на определен вид на повреда;<br><br>- да асистира на лекарот при обработка на повредите;<br><br>- да го среди работното место и инструментите по укажаната интервенција. | ***Организирање на дискусии*** за улогата на сестрата, потребите од материјали и нивното користење при третирање на определен вид на повреди.<br>***Организирање на симулација во парови*** ( сестра – пациент) за ситуации при конкретни<br><br>***Задача:***<br>Планирање, реализација и презентација на медицински манипулации при механички (фрактура, отворени рани и изгоретини) .<br><br>- избор на пациент со конкретна повреда<br>- планирање на активностите<br>- реализација<br>- пишување на извештај и презентација. | Хирургија со гинекологија и акушерство со нега - задолжителна настава<br><br>Практична настава |
| **8. ПРИЕМ И СЛЕДЕЊЕ НА УРГЕНТНИ БОЛНИ** | **6** | - Да препознава основни симптоми при повреди на акутен абдомен, повреди на срце, торакс, глава и врат;<br><br>- да следи и евидентира промени во витални знаци. | ***Демонстрирање*** на слики, снимки и сл. на ургентни болни.<br>***Организирање*** на ппосета на ургентен центар. | Практична настава |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Според зацртаните цели на наставната програмата наставата се реализира согласно принципите на активната настава и соодветни методи на учење и поучување.

Активности на ученикот: набљудува, планира, поставува прашања, практикува, одржува ред на работно место, набљудува и регистрира промени, дискутира, води дневник за сопствените активности.

Активности на наставникот: планира, организира, подготвува, објаснува, демонстрира, дискутира, поставува прашања, инструира, мотивира,коригира, следи, дава задачи, вреднува и воспоставува позитивна педагошка комуникација.

### 4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

Воспитно-образовниот процес по наставниот предмет Хирургија со гинекологија и акушерство со нега (изборна настава), се реализира со седмичен фонд од 2 часа и комбинација на теоретски и практични активности согласно дидактичките насоки во програмата. Распределбата на часови по теми е дадена ориентационо и можни се мали промени согласно потребите и интересите на учениците. Организацијата на наставата наставникот ја прилагодува на условите во училиштето и временски ја усогласува со активностите кои треба да се реализираат надвор од училиштето. Се препорачува, при реализација на активности во медицински установи, да се почитуваат правилата во однос на бројноста на учениците (поделба на паралелката во групи).

### 4.4. Наставни средства и помагала

Ефикасноста на реализацијата на содржините од Програмата е условена со користење на:апарати за сите видови на стерилизација, хируршки инструменти и останат медицински материјал, апарати за реанимација, аспирација, медицински сетови, сетови со хируршки инструменти, гипсани завои и друго.

### 4.5. Литература за наставникот и ученикот

- учебник ; практикум за практична настава
- дидактички материјали;
- стручна литература од подрачјето; дидактичко-методска литературе за наставникот.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година. Оценката треба да е резултат на континуирано следење на ученикот, со посебен аццент на практичните умееења кои ги стекнува. При оценувањето се зема предвид  активноста, ангажираноста, интересот, поврзувањето на теоретските знаења и нивна практична примена, прецизноста во работењето, односот со пациентите,  соучениците и  спрема средствата за работа.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува и следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да го познава македонскиот литературен јазик и кирилското писмо, да нема говорни мани, да е комуникативен, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен и подготвен за примена на иновациите во воспитно-образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по хирургија со гинекологија и акушерство со негаја реализираат наставници со завршени:

- студии по медицина;
- висока медицинска школа

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**6.3. Стандард на простор за наставниот предмет**

За реализација на предвидените активности во Програмата се користат училишните кабинети по: хирургија со гинекологија и акушерство со нега и основи на нега, опремени со наставни средства и помагала согласно нормативот. Дел од практичните активности се реализираат во болнички здравствени институции како наставна база.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2007 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Гордана Донева - Атанасоска, советник, Биро за развој на образованието,Скопје
2. д-р спец. Славејко Сапунов, професор, Медицински факултет, Скопје
3. д-р Данка Гиговска, професор, СМУ "Д-р Панче Караѓозов", Скопје
4. Марина Поповска, наставник по практична настава, СМУ "Д-р Панче Караѓозов", Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**8.1.** Датум на започнување: 1.09.2007 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по хирургија со гинекологија и акушерство со нега (изборна програма во функција за завршен испит ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 11.4631/22 од 21.06.2007 година.